РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25-6363/2
03-08-2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08 и 53/11), постапувајќи по барањето на ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО бр.25-6363/1 од 20.07.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО за вршење на стручни работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, и одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, за инспекциското место Еуротест ДОО Битола на ул. Индустриска бб.

## Образложение

ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-6363/1 од 20.07.2012 година, со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите:

а) - единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11 и 84/12) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10) за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот; и

б) - одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, согласно член 6 став (1) точка 10 и член 7 став (1) точка 1 (ТНГ) и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот.

Кон барањето бр.25-6363/1 од 20.07.2012 година се поднесени следните документи:

- Доказ за упис во Централен регистар на Република Македонија бр.08-18/4914 од 11.07.2012 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-064 од 18.07.2012 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба бр.1509-11611/2 од 23.07.2012 година, издаден од Органот за одобрување – Биро за метрологија;

..., дипл. маш. инж. Данчо

Ристовски, дипл. маш. инж. Душко Костовски, дипл. сообраќаен. инж. Снежана Бошевска, контролор во станица за технички преглед Стевче Бошевски, контролор во станица за технички преглед Гагачовски Јован и контролор во станица за технички преглед Каранфиловски Васко;

- Договор за закуп на деловен простор и опрема заверени на нотар, бр.03-37 од 26.03.2010 год;

- Доказ за осигурување: Полиса бр.990000000831 од 27.04.2012 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех за правното лице издаден од Централен регистар на Република Македонија бр.09-9/328 од 11.07.2012 година;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12 ) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија и одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

*МИНИСТЕР,*
*Ваљон Саракини*